# И з в е ш т а ј
## за реализирани активности по Програмата за локален економски развој за 2020 година

Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија при Општина Крива Паланка за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година, согласно Програмата за локален економски развој за 2020 година ги има реализирано следните активности:

Поддршка на Локалниот економски развој на Општина Крива Паланка преку апплицирање и реализирање на проекти.

Аплицирани проекти:

„Подобрување на туристичка инфраструктура за пристап до туристички локалитети во Општина Крива Паланка" (изградба на тротоари лева страна и дел од десна страна во должина од 2026м (1750м + 276м), аплициран преку Центарот за развој на Североисточен плански регион, на Повикот во Декември 2020 година преку Програмата за Рамномерен регионален развој за 2021 година, финансирана од Бирото за Регионален развој.
Вкупната вредност на проектот изнесува: 7.941.323,оо денари без ДДВ.

Реализирани проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината се следните:

„Изградба на локален пат во село Голема Црцорија делница од асфалт маала Рупје до маала Баратлици и крак до школо, Општина Крива Паланка во должина од 3.02 км" и „Изградба на локален пат во с.Трново, Општина Крива Паланка во должина до 500 м", аплициран по мерка 321 - Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, подмерка Развој на јавна инфраструктура во руралните средини, од Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2018 година финансирана од АФПЗРР.

„Изградба на локален пат во с.Конопница м.в.Кула (Листа) м.в. Стублица кон спој со А2 во должина од 1473,72м", аплициран по мерка 323 - Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја, подмерка Инвестиции во локалната патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места - села со локалитети од значење за начинот и животот и работата на селската популација во должина до 2км, од Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2018 година финансирана од АФПЗРР.

„Креирање на услови за современо чување, складирање и продажба на земјоделски производи", аплициран по мерка 123 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи, подмерка 123.3 - Инвестиции во пазарна инфраструктура за постберберни активности, од Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2018 година финансирана од АФПЗРР.

„Реконструкција на патна инфраструктура за пристапност до Манастир Св.Јоаким Осоговски - с. Варовиште, Општина Крива Паланка во должина од 2,77 км", аплициран преку Центарот за развој на Североисточен плански регион, Мерка 323 - Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја, подмерка 323.3 - Изградба или реконструкција на патна инфраструктура за пристапност до и околу природни знаменитости во рурални средини вклучително и нивно уредување и воведување на комплементарни содржини - пешачки, велосипедски и останати спортски патеки и шеталишта, од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година финансирана од АФПЗРР.

„Подобрување на туристичка инфраструктура за пристап до туристички локалитети во општина Крива Паланка" (изградба на тротоари десна страна во должина од 2240,74м)

аплициран преку Центарот за развој на Североисточен плански регион, на Повикот преку Програмата за Рамномерен регионален развој за 2020 година, финансирана од Биро за Регионален развој. Со овој проект е изградена патека за пешаци во должина од 2240,74м од десна страна.

„Подобра спортска инфраструктура за подобро здравје за сите“. Проектот е финансиран со грант од програмата „Помош за развој“ на Амбасадата на Бугарија во Република Северна Македонија. Проектот се реализираше во 2020 година и беше извршено партерно уредување на спортски комплекс со изградба на атлетска патека, мини голф терен и скејт парк во Крива Паланка.

„Проект локална манифестација „Шопска софра 2020“ е аплициран преку Јавниот повик за користење на техничка поддршка за организирање и спроведување на локални манифестации во Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, но истиот не беше одобрен поради ситуацијата со пандемијата од COVID-19.

Во фаза на реализација се следните проекти и тоа:

„Изградба на канализациона мрежа за отпадни води за населба Крстата Падина во с. Градец“ во Општина Крива Паланка, аплициран за користење на финансиски средства за Развој на селата по Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година, финансирана од Бирото за Регионален развој. Со проектот е предвидено да се изградат краците К1, К11 и К2 во должина од 1021,2м. Проектот е во фаза на реализација.

„Изградба на канализациона мрежа за отпадни води за населба Мизовски Ливади во с.Градец“, во Општина Крива Паланка, аплициран за користење на финансиски средства за Развој на подрачјата со специфични развојни потреби по Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година, финасирана од Бирото за Регионален развој. Со проектот е предвидено да се изгради кракот К2, во должина од 1007м. Проектот е во фаза на реализација.

„Да ги поврземе бисерите“, кој што проект е аплициран во рамки на програмата за прекугранична соработка на Европската унија помеѓу Србија и Република Северна Македонија, во партнерство помеѓу Општина Крива Паланка, Град Лесковац и Центарот за развој на Пчињско - Јабланичкиот регион на Србија. Проектот е аплициран во рамки на приоритетната оска за развој на туризмот и искористување на културно и природно наследство. Со проектот се предвидува изградба и уредување на пешачко рекреативна патека, на локација Станечки водопади во с.Станци во Општина Крива Паланка. Проектот е одобрен за финансирање.

Во Делот од Програмата за изработка на Стратешки документи беше аплициран и реализиран проектот „Изработка на Стратегија за развој на туризмот во општина Крива Паланка“. Проектот беше аплициран по повикот за субвенционирање на десет општини за изработка на локални стратегии за развој на туризмот, согласно Програмата за развој на туризмот во Република Македонија за 2019 година, финансирана од Министерството за економија.

**Одделение за јавни дејности, економски развој,**
**информатичка технологија**